


# Водич за родители за Instagram

ConnectSafely
Smart Socializing Starts Here™

Дирекција за заштита на личните податоци

© 2015 ConnectSafely.org

# 5 главни прашања што родителите си ги поставуваат за Instagram

## 1. Зошто децата го сакаат Instagram?

Затоа што сакаат медиуми, сакаат да ги споделуваат и да се дружат со нив преку мобилните телефони, а Instagram го прави сето тоа остварливо на лесен и привлечен начин. Тинејџерите сакаат да фотографираат и да снимаат, да сечат, да подобруваат, да споделуваат и да коментираат на слики и видео снимки. Но тоа не е обично коментирање - всушност, тие се социјализираат во разговори на комбинирани медиуми коишто исто така вклучуваат многу допаѓања и врски.

## 2. Дали Instagram има минимална годишна возраст?

Да, во согласност со американскиот Закон за заштита на приватност на децата на интернет, минималната возраст е 13години. Но Instagram не бара од корисниците да ја наведат возраста и има многу помлади деца кои ги користат услугите, честопати со дозвола од родителите. „Безбедноста“ повеќе зависи од начинот на кој се користи отколку од возраста на корисникот, но доколку добие известување, Instagram ги брише сметките на сопствениците  помлади од дозволената возраст и за коишто може да потврди дека немаат 13 години.

## 3. Кои се опасностите од користење Instagram?

Иако во основа нема ништо опасно во врска со Instagram, најважните работи за кои родителите се загрижени се типични за сите социјални медиуми: злобно однесување меѓу врсниците и несоодветни фотографии и видеа коишто би можеле да му наштетат на угледот на детето или да привлечат погрешен вид на внимание. Исто така, родителите се загрижени дека децата може да бидат директно контактирани од лица коишто тие не ги познаваат. Децата можат да научат како да управуваат со ваквите опасности, затоа и го напишавме овој водич.

## 4. Како најдобро да им помогнеме на децата да останат безбедни на Instagram?

Како што е случај и со останатите социјални медиуми, колку повеќе се почитуваме себеси и останатите, толку сме побезбедни. Објавите и коментарите нè отсликуваат нас и другите кои се наоѓаат на фотографиите и видеата. Без разлика дали се сериозни или глупави, тие стануваат дел од нашата слика во јавноста. Опасноста се намалува со почитување на останатите во однос на начинот на споделување, означување и коментирање на медиумите.  Додека повеќето деца го знаат ова, не е лошо родителите да се осигураат дека децата не објавуваат провокативни фотографии или не водат несоодветни разговори со луѓе кои не ги познаваат, што води до следното прашање...

## 5. Дали профилот на моето дете треба да биде приватен?

За повеќето деца, дел од забавата на Instagram е да се здобијат со поголем број на следбеници - тоа е нешто за што децата и родителите треба да разговараат. Јавниот профил на Instagram значи дека секој може да ве следи. Приватниот профил значи дека треба да го одобриш секого кој сака да те следи, па многу од родителите им дозволуваат на децата да отворат профил на Instagram со приватен профил. Но, нема гаранција дека детето нема да го видат на Instagram или на која било друга услуга за споделување фотографии, затоа што луѓето објавуваат фотографии едни од други. Дури и да нема профил на Instagram, тоа не е гаранција дека детето нема да се појави на некоја фотографија. Колку е позитивно или негативно искуството на младата личност на Instagram или на друго место на интернет подеднакво зависи како од апликацијата така и од самата личност и неговите или нејзините пријатели.

## Instagram е едноставна апликација за споделување фотографии и видеа со огромен и растечки број на следења, особени меѓу младите луѓе. Како и сите други, децата го користат за да ги овековечат посебните моменти, но исто така и за да водат разговори на забавен начин - преку фотографии, филтри, коментари, наслови, емотикони, хаштагови и врски за да разговараат за работи и да споделуваат интереси. Работи на Apple iPhone, iPad и iPod Touch, како и на телефони со Android.

Лесно е да користите Instagram: Направете фотографија или видео не подолго од 15 секунди и прилагодете го вашиот медиум со филтрите и другите алатки за подобрување. Додадете наслов, а за да го прикажете видеото, изберете насловна рамка. Изберете Следно (корисници на Android, притиснете на зелената стрелка) и изберете како сакате да споделите - само за вашите следбеници на Instagram или надвор од апликацијата преку е-пошта, Facebook, Twitter и други услуги за социјални медиуми.

Во основа, постојат три начини за споделување на Instagram: приватно, јавно или директно. Со Instagram Direct, имате опција за споделување на одредена фотографија приватно на ограничен број луѓе (најмногу 15), без разлика дали ги следите или дали тие ве следат.

Ако вашите деца користат Instagram, најдобар начин да научите како да го користите е да ги прашате нив. Честопати, на децата им е мило да ги подучуваат родителите за своите омилени алатки поврзани со технологијата и ако ги прашате за Instagram, тоа не е само одличен начин да дознаете за апликацијата туку и да дознаете како вашите деца комуницираат со своите пријатели на социјалните мрежи. Тоа е индивидуално и затоа ви предлагаме да ги прашате. Но ако сакате да се стекнете со некои општи информации за тоа како се користи и како да останете безбедни на Instagram, погледнете во продолжение:



*Instagram ви овозможува да снимате видеа или да замрзнувате слики.*

# Одговорно споделување

**Вие ја контролирате вашата приватност.** Стандардно, фотографиите и видеата што ги споделувате на Instagram може да ги види секој (освен ако не ги споделувате директно), но лесно може профилот да го направите приватен и тогаш треба да го одобрите секого што сака да ве следи. За да го сторите тоа, одберете ***Профил*** долу десно, а потоа ***Уреди профил*** веднаш до вашата фотографија на профил. Лизгајте надолу за да проверите дали е вклучено или исклучено „Објавите се приватни". Ако е исклучено, направите фотографиите да бидат приватни со преместување на копчето на „вклучено". (Корисници на Android, притиснете ***Профил*** и ***Уреди профил***. Проверете дали е означено „Објавите се приватни".) [Ако ја ажурирате или преинсталирате апликацијата, проверете дали поставките сѐ уште се онака како што сакате.]

**Instagram Direct е автоматски приватно.** Секој, вклучувајќи ги и оние што не ги следите, може да ви испрати фотографија или видео што само вие и најмногу 14 други лица може да ги видите или да коментирате на нив. Ако ја следите личноста, сликата се испраќа до папката Директно. Ако не ја следите, таа ќе пристигне во папката Барање и инстаграмите од таа личност ќе стасуваат до вашата папка Барање сѐ додека не ја одобрите личноста. Ако решите да ја инфорирате, тој или таа не ќе може да ви испраќа инстаграми сѐ додека не се вратите и не ја промените поставката.

**Приватноста не може да биде совршена.** Дури и ако објавите ви се приватни, профилот ви е јавен (секој може да ги види фотографијата на профилот, корисничкото име и биографијата). Може да додадете најмногу 10 редови текст за себе, па можеби родителите и децата ќе сакаат да поразговараат за тоа што е соодветно да стои во полето за биографија.

**Почитувајте ја приватноста на другите.** Ако на фотографијата има и други, проверете дали тие сакаат да ја споделите или да ги означите на неа.

**Вашите објави имаат влијание.** Размислете за тоа како медиумите што ги објавувате влијаат на другите - без разлика дали ги има во нив или не. Понекогаш пријателите коишто не се на фотографијата или во видеото може да бидат повредени токму затоа што ги нема.

**Размислете за споделување на локацијата.** Карактеристиката „Додај карта на фотографија" ви дава можност да додадете локација на фотографијата. Стандардно, таа е исклучена, но малку е „незгодна" затоа што ако ја вклучите, останува вклучена сѐ додека не ја исклучите. Може да ја вклучите во секое време, но размислете дали навистина сакате другите да знаат каде е направена или снимена секоја објава што ја споделувате.



**Споделување надвор од Instagram.** Стандардно, медиумите ги споделувате само на Instagram но имате можност и за пошироко споделување ако одберете „Е-пошта“, „Facebook“, „Twitter,“ итн., а потоа ***Сподели***. Ако споделувате на друго место, имајте ги предвид поставките за приватност на таа услуга. На пример, Twitter стандардно споделува со сите, освен ако имате приватен профил. Facebook стандардно ги споделува објавите од Instagram само со пријателите. Но откако ќе споделите на Facebook, може да ги измените поставките на Facebook со избирање и менување на публиката.

# Како се претставувате себеси

**Вашите медиуми ве претставуваат вас.** Ова изгледа очигледно, но запомнете дека ќе продолжи да ве претставува и во иднина зашто е невозможно да ги вратите содржините објавени на интернет или преку телефон. Затоа е добро да размислите дека она што го објавувате сега ќе се одрази на вас подоцна. Ако сметате дека можеби ќе ви наштети во напредувањето на работа, ќе и наштети на врската или ќе ја вознемири вашата баба, размислете дали да го споделите.

**Управувајте со вашата видливост.** Фотографиите на коишто сте означени (видеата не може да се означат) на профилот се појавуваат во делот „Фотографии од вас“ (засега, делот „Фотографии од вас“ е видлив само кај iPhone и кај апликациите Android). Ако профилот не ви приватен, тие се видливи за секого. Другите може да ве означуваат на фотографии што тие ги објавуваат, но ако не ви се допаѓа начинот на кој сте прикажани, може да ја скриете фотографијата од вашиот профил или да ја тргнете ознаката за вас (објавата ќе остане видлива на Instagram но нема да биде поврзана со вашето корисничко име и нема да се појави на вашиот профил). Ако не сакате фотографиите автоматски да се појавуваат во делот „Фотографии од вас“, исклучете ја карактеристиката „Додај автоматски“– притиснете на ***Профил*** , потоа на јазичето Фотографии од вас и на копчето за поставки и изберете „Додај рачно“. (Корисници на Android, допрете на Фотографии од вас , а потоа на трите мали квадратчиња .)

**Размислете за сликата во целост.** Она што е во заднина на фотографијата или видеото може да укаже каде е направена или што правеле луѓето кои се на фотографијата во тоа време. Дали сакате да ја пренесете таа информација?

**Вашиот медиум може да се појави секаде.** Видеата од Instagram може да се вметнат на секоја веб-локација, и важно е да запаметите дека сè што е дигитално може да се ископира и да се сподели со други. Затоа, дури и ако ја ограничите публиката, внимавајте да не споделувате нешто што може да биде проблем доколку некој го сподели понатаму.

**Користете силна лозинка.** и не споделувајте ја. Ова ви дава одредена контрола за тоа како се претставувате во социјалните медиуми затоа што другите не ќе можат да ја користат вашата лозинка за да ве имитираат. Исто така, користете различни лозинки за различни услуги (за совет во врска со лозинка, посетете ја ***passwords.connectsafely.org***).

# Што да правите ако некој ве вознемирува

**Може да ја отстраните вашата ознака.** Само лицето коешто објавува може да означува луѓе на објавата но, - ако профилот на тоа лице е јавен - сите коишто се означени од страна на лицето што објавува може да ја отстранат својата ознака. Може да ја отстраните ознаката со притискање на вашето корисничко име во објавата, но само ако објавата е јавна или ако го следите лицето коешто ве означило.

**Блокирајте некого ако тоа е неопходно.** Ако некој ве вознемирува, на пример постојано ве означува на фотографии што не ви се допаѓаат, ви испраќа директни пораки или се обидува да ве вовлече во разговор од кој се згрозувате, може да го блокирате така што не ќе може да ве означува, да ве контактира директно или да ве спомнува во коментарите. Иста така, не ќе може да го гледа вашиот профил или да ја пребарува вашата сметка. За да блокирате некој корисник, одете на неговиот или нејзиниот профил, изберете го копчето ***Мени горе*** десно, и изберете ***Блокирај корисник***. (Корисници на Android, одете на профилот што сакате да го блокирате и допрете ги трите мали квадратчиња . Изберете ***Блокирај корисник***.)

**Може да ги бришете вашите објави.** Ако некогаш сакате да избришете некоја од вашите фотографии или видеа, едноставно кликнете на трите точки во долниот десен агол под неа (видете слика од екран) и изберете ***Избриши***. Исто така, ова мени ви овозможува да ги споделувате или да ги испраќате објавите преку е-пошта. Но ако споделувате медиуми на Facebook, Twitter или на други услуги, со бришење од Instagram не ги бришете од друго место.

**Бидете пребирливи во врска со тоа со кого споделувате.** Наместо да споделите фотографија со сите следбеници, може да изберете кој може да ја види. Кликнете на иконата Instagram Direct во горниот десен агол и изберете со кого да ја споделите (најмногу 15 луѓе).

**Означете ги проблематичните објави.** Може да пријавите несоодветни фотографии, видеа или коментари на други луѓе – или корисници кои го повредуваат водичот на заедницата на Instagram. Едноставно кликнете на точките на долниот дел од екранот под објавата и потоа на ***Пријави како несоодветно***. Ако е итно, испратете е-порака до Instagram преку Центарот за помош. За да дојдете до Центарот за помош, кликнете ***Профил*** , а потоа на копчето за поставки . (Корисници на Android, кликнете ***Профил*** , а потоа на трите мали квадратчиња .) Така ќе дојдете до екранот на кој може да кликнете ***Поддршка***.

**Игнорирајте ги пораките од списокот „Барање“.** Во папката Директно стасуваат видеа или фотографии само од луѓето што ги следите. Фотографиите од другите одат во папката Барање. Ако не сакате да добивате Instagram од луѓе што не ги познавате, игнорирајте ги сликите во папката Барање. Ако ги игнорирате две недели, содржината ќе ја снема. Ако сакате да гледате фотографии само од луѓе што ги познавате, ограничете кого следите.






# Неколку реченици за крај до родителите

Младите комуницираат и се дружат преку секакви алатки и услуги за дигитални медиуми, од апликации до разговори во видео игри и испраќање пораки преку телефон. Instagram е една од илјадниците апликации за социјални медиуми за паметни телефони. Но може да биде од помош ако знаете дека сето ова е само продолжување на социјалниот живот во нивниот „реалниот свет“ кој им дава нови можности за дружење со пријателите во текот на миговите „помеѓу“ – од чекање превоз до надоместување помеѓу часовите. Додека дружењето станува сè помобилно, ниедна услуга, апликација или алатка не ги покрива сите дигитални социјални активности ниту пак една категорија, но истражувањата покажуваат дека дружењето лице-в-лице сè уште е главен настан за тинејџерите. Но може да поразговарате со децата за умешноста како да го зачуваат искуството на Instagram безбедно во пријателствата и животот надвор од интернет.

Не заборавајте дека децата може да бидат на Instagram дури и кога не се на Instagram. Звучи неверојатно, но не и на социјалните медиуми. Дури и ако родителот ги забрани социјалните медиуми, пријателите на детето може да објават негова фотографија или други информации за него преку своите профили. И постои опасност од социјална маргинализација за децата на коишто не им се дозволува да се дружат на овој начин кој што денес е составен дел од нивниот социјален живот. Паметното користење е подобро отколку никакво.

Постојат многу можности за дигитална социјализација и постојано се појавуваат нови различни платформи. Некои се подобри во заштита на приватноста и безбедноста од други и родителите не може да бидат над сите нив. Исто така, не можеме секогаш да ја разбереме содржината на фотографиите, видеата и коментарите во коишто нашите деца се дел од социјалните медиуми. Затоа е важно да разговарате со децата што е можно поотворено и да им помогнете да сфатат што е соодветно за нив, во смисла на безбедност, приватност, углед и управување со време. Обично е подобро да разговараме со децата за нивните омилени алатки со искрена заинтересираност, а не со страв, затоа што е голема веројатноста дека ќе ви се обратат вам ако им затреба помош.

ДОВЕДЕНА ДО ВАС ОД СТРАНА НА

ConnectSafely
Smart Socializing Starts Here™

ВО СОРАБОТКА СО

Дирекција за
заштита на
личните податоци

© 2015 ConnectSafely.org